# ЗАКОН
# ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

**("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08,130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15 и 23/16)**

- пречистен текст-

**Член 1**

За списите и дејствата во управните работи кај органите на државната управа, органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје се плаќаат административни такси според одредбите на овој закон, доколку со друг пропис поинаку не е уредено.

**Член 2**

Како органи во смисла на член 1 од овој закон се сметаат:

1) органите и организациите во Република Македонија; и
2) дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Како органи во смисла на член 1 на овој закон се сметаат и трговските друштва, здруженијата на граѓаните и другите правни лица кога во вршењето на јавни овластувања што им се доверени со закон, решаваат во управните работи по барање на странките.

**Член 3**

Таксите се плаќаат по таксената тарифа, која е составен дел на овој закон.

**Член 4**

Такса не може да се наплатува ако со таксената тарифа не е пропишана, ниту да се наплатува во поголем или помал износ од пропишаниот доколку со друг закон и со меѓународен договор не е определено поинаку.

**Член 5**

Таксен обврзник е лице по чие барање постапката се покренува, односно се вршат дејства предвидени со таксената тарифа.

Ако за иста такса постојат двајца или повеќе таксени обврзници нивната обврска е солидарна.

## Член 6

Ако со таксената тарифа не е поинаку пропишано, таксената обврска настанува за:

1) поднесоците - во моментот кога се предаваат, а за поднесоците дадени на записник - кога записникот се составува;

2) решенијата, дозволите и други исправи - во моментот на поднесувањето на барањето за нивното издавање;

3) управните дејства - во моментот на поднесувањето на барањето за извршување на тоа дејство; и

4) решенија, дозволи и други исправи во моментот на издавање на истите, и за поднесоците за нивно издавање кога се поднесуваат во електронски облик.

## Член 7

Таксата се плаќа во моментот на настанувањето на таксената обврска, ако за одделни случаи не е поинаку пропишано.

## Член 8

Ако со таксената тарифа е пропишано таксата да се плаќа според вредноста на предметот, како основица за одмерување на таксата се зема вредност означена во поднесокот или во исправата.

Органот што ја води постапката, доколку оцени дека вредноста означена во поднесокот, односно во исправата не одговара на вистинската вредност на предметот, може по службена должност со решение во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето да ја утврди основицата за одмерување на таксата.

Против решението од став 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението, но жалбата не ја одлага наплатата на таксата.

## Член 9

Кога со таксената тарифа е пропишана такса за вршење самостојна стопанска и професионална дејност, таксата се плаќа на актот со кој се стекнува право за вршење на основната дејност (акт за основање, односно одобрение за конституирање, одобрение за работа, дозвола и слично).

## Член 10

Кога исправата која е подложена на такса по барање на странката се издава во два или повеќе примероци, за вториот и за секој натамошен примерок, се плаќа такса како за препис и за заверка на препис.

Таксата од став 1 на овој член не може да биде поголема од таксата за првиот примерок.

За примероците на исправа, кој по барање на странката се составуваат за потребите на самите органи, не се плаќа такса.

**Член 11**

Во решението или во друга исправа, за кои таксата е платена, мора да се означи дека таксата е платена, во колкав износ и по кој тарифен број.

**Член 12**

Нетаксирани, или недоволно таксирани поднесоци и други списи не смеат да бидат примени непосредно од странката, освен поднесоците од членот 6 став 1 точка 4 на овој закон.

Ако нетаксиран или недоволно таксиран поднесок или друг спис пристигне преку пошта, органот надлежен за одлучување по барањето ќе го повика таксениот обрзник со опомена во рок од десет дена од денот на приемот на опомената да ја плати редовната такса и таксата за опомена.

Надлежниот орган за одлучување по барањето ќе покрене постапка и по нетаксиран или недоволно таксиран поднесок. Решението, односно другиот акт не може да и биде врачен на странката ако претходно, по опомената, таксата не е платена.

**Член 13**

Одредбите од член 12 став 2 на овој закон не се применуваат на поднесоците и другите списи кои, нетаксирани или недоволно таксирани ќе пристигнат преку пошта од странство, ниту на другите списи и дејства кои подлежат на конзуларни такси. Со тие поднесоци и списи ќе се постапи согласно со член 30 на овој закон.

**Член 14**

Списите и дејствата во постапката што се води по службена должност не подлежат на плаќање такси.

**Член 15**

Од плаќање такса се ослободени:

1) државните органи;
2) општината и Градот Скопје;

3) претпријатијата и другите организации и заедници во вршењето на овластувањата од член 2 на овој закон;

4) јавните служби од областа на науката, образованието и воспитувањето, културата, здравството и социјалната заштита;

5) Институцијата за платен промет во Република Македонија за списите и дејствата во постапка кај државните органи во работите кои се однесуваат за вршење на работите од својата надлежност;

6) Црвениот крст на Македонија;

7) добротворните противпожарни друштва, нивните противпожарни единици и сојузи во работите од нивните основни функции;

8) куќните совети во работите на управувањето со зградата, а месните заедници во работите на својот делокруг што ги вршат непосредно;

9) организациите основани заради борба против алкохолот, ракот, дистрофијата и сидата - за списите и дејствата при вршењето на таа дејност;

10) организациите основани за заштита на лицата со физички или психички недостатоци и нарушувања - за списите и дејствата во врска со вршењето на тие дејности;

11) Сојузот на глувите и Сојузот на слепите и нивните организации- во работењето во врска со рехабилитацијата на глуви и слепи;

12) претпријатија за вработување на инвалиди, освен работите при вршењето на стопанска дејност;

13) странските дипломатски и конзуларните претставништва во вршењето на дипломатските и конзуларните работи - под услов на реципроцитет;

14) воените инвалиди од војните, мирновремените воени инвалиди и инвалидите на трудот, децата кои се уживатели на семејна инвалиднина и децата уживатели на лична инвалиднина до навршени 25 години од животот - за списите и дејствата во врска со школувањето во сите школи;

15) инвалидите кои се ослободени од плаќање на годишни надоместоци за употреба на моторни возила - во постапката за стручен преглед на тие возила заради регистрација;

16) граѓаните за пријава на конкурс и оглас за засновање на работен однос и други поднесоци, за актот за засновање работен однос - како и за списите и дејствата во врска со остварувањето и заштитата на правата од работен однос;

17) работниците кои привремено се наоѓаат надвор од работен однос, во постапката за добивање на материјално обезбедување и за други права кои по тој основ им припаѓаат;

18) учениците во училиштата за задолжително школување за сите списи и дејства во врска со задолжителното школување;

19) лицата кои го подаруваат својот имот на Републиката или се откажуваат од правото на сопственост на земјиште во полза на Републиката или бесплатно и ги отстапуваат на Републиката, другите стварни права на недвижности - во постапката за добивање на исправи потребни за пренос на сопственост или други стварни права, како и за самата постапка за пренос;

20) граѓаните со слаба имотна состојба, корисници на основни и други права според Законот за социјална заштита;

21) иселеници од Република Македонија и лица со потекло од Република Македонија во постапка за стекнување на државјанство; и

22) синдикалните организации за барања доставени до Министерството за надворешни работи за кои е потребен ангажман на дипломатските, односно конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, со цел за заштита на права или застапување на државјаните или правните лица на Република Македонија по повод мерките кои се во спротивност со меѓународните договори, начелата на меѓународното право или меѓународните обичаи.

**Член 16**
**(бришан)**

**Член 17**

Кога постапката е покрената по барање на повеќе лица од кои некои се ослободени од плаќањето такса, сите такси во таа постапка ги плаќа лицето кое не било ослободено од плаќање такса. По исклучок, ако одмерувањето на таксата се врши според вредноста на предметот (член 8) лицето кое не е ослободено од плаќање такса, такса плаќа само на делот од вредноста која се однесува на него.

**Член 18**

Не се плаќа такса за следниве списи и дејства:

1) предлози, пријави и други поднесоци од општ интерес;

2) молби за помилување, за условен отпуст и решенија по тие молби;

3) списи и дејства во постапката за прибирање на докази за слаба имотна состојба, заради признавање на ослободување од плаќање такса;

4) списи и дејства во постапката за враќање на неправилно исплатени давачки;

5) списи и дејства во постапката за исправка на грешка во решенијата, други исправи и во службените евиденции;

6) списи и дејства во постапката за составување и исправка на избирачки списоци за кандидирање за избор на пратеници и одборници во собранијата;

7) списи и дејства во постапката за запишување во книгите на државјаните;

8) списи и дејства во постапката за пријавување и запишување во матичните книги;

9) списи и дејства во постапката за усвојување и во постапката за поставување на старател;

10) за сите видови пријави и прилозите кон нив за облог со данок на граѓаните, списите и дејствата во постапката за намалување на катастарскиот приход поради елементарни непогоди, растителни болести, штеточини и други вонредни настани, како и за списите и дејствата за остварување на со закон признатите даночни олеснувања;

11) списи и дејства во постапката за комасација;

12) списи и дејства за остварување на правата од здравственото, пензиското и инвалидското осигурување;

13) списи и дејства за доделување на социјална помош и за остварување на други форми на социјална заштита (сместување во социјални установи и слично);

14) списи и дејства во постапката за остварување на правата на инвалидите кои по законот им се признати;

15) списи и дејства во постапката за издавање на работна книшка и утврдување на работниот и посебниот однос на пензискиот стаж;

16) списи и дејства за задршка по одлука на надлежен орган по согласност на осигуреникот заради исплата на премии и за осигурување на живот кај друштвата за осигурување на имоти и лица;

17) списи и дејства во постапка за основање на противпожарни друштва, нивни единици и сојузи;

18) списи и дејства во постапката за добивање и обезбедување кредити;

19) списи и дејства за добивање одобрение за сечење на дрвја во шума во приватна сопственост во времето определено за сечење;

20) списи и дејства во врска со поправка и одржување на колективни станбени згради;

21) списи и дејства во постапка за остварување на правата признати на носителот на одликувања, како и на носителите на “Партизанска споменица 1941” и лицата прогонувани и затварани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција;

22) списи и дејства во постапката за остварување на правото на додаток на деца;

23) списи и дејства во врска со приемот на подароци и пакети од добротворните организации од странство, ако се упатени на име добротворни организации во Република Македонија;

24) списи и дејства во врска со основањето на водни заедници и други водостопански организации, прибавување на одобрение за изградба на објекти и простории за одбрана од штетно дејство на водите и прибавување на катастарски податоци со цел за облог и наплата на водниот придонес;

25) списи и дејства во врска со регулирањето на обврска по основ на цивилната заштита, обуката за одбрана и заштита и другите обврски на граѓаните и претпријатијата и другите правни лица што произлегуваат од извршувањето на правата и должностите во врска со одбраната на земјата;

26) списи и дејства во постапката за издавање на лични карти на македонските државјани и издавање и продолжување на дозволата за престој на странските државјани;

26-а) идентификациона исправа за барател на право на азил;

27) пријавување и одјавување на живеалиште и престој на граѓаните;

28) списи и дејства во врска со признавањето на правото на повластено возење на лицата на кои тие права им припаѓаат според посебните прописи;

29) списи и дејства за добивање на оригинални дипломи, сведителства и други исправи за завршено школување или за стручни квалификации, освен за нивните дупликати и преписи;

30) списи и дејства во врска со заштитата на спомениците на културата;

31) списи и дејства во врска со основањето на станбени задруги и за подигање, доградување, преправање, поправка и одржување на станбените згради од страна на станбените задруги;

32) претставките што граѓаните ги поднесуваат во државните органи и до другите јавни служби;

33) списи и дејства во постапката за умрени лица;

34) списи и дејства со кои се регулира односот меѓу примателот и давателот на стипендија, односно кредит за школување, од денот кога односното лице се здобило со својство на стипендист, односно од денот кога му е одобрен кредит; и

35) списи и дејства во постапката по поднесеното барање за убиено или заклано животно, односно за уништен предмет заради спроведување на мерките за заштита на животните од заразни болести.

**Член 19**

Во исправите што се издаваат без такса мора да се назначи за која цел се издаваат и врз основа на кој пропис се ослободени од такса.

Исправите од став 1 на овој член можат да се употребат и за други намени под услов на нив да се плати соодветна такса.

**Член 20**

За вршење на услугите и користење на податоците од катастарот на недвижности и катастарот на земјиштето не се наплатуваат административни такси пропишани со тарифа за административни такси.

**Член 21**

Странските државјани, под услов на реципроцитет, ги имаат истите права по прописите за такси како и македонските државјани.

**Член 22**

Лице кое платило такса, но кое не било должно да ја плати или таксата ја платило во износ поголем од пропишаниот или за дејство, кое органот од кои и да било причини не го извршило, има право на враќање на таксата, односно на повеќе платената такса.

Постапката за враќање на такса се покренува по барање на странката.

Решение за враќање на таксата донесува Министерството за финансии во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето.

Решение за враќање на таксата која е приход на општината, на општините во Градот Скопје и на Градот Скопје донесува градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во Градот Скопје односно градоначалникот на Градот Скопје во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето.

Формата и содржината на барањето од ставот 2 од овој член ја пропишува министерот за финансии.

**Член 22-а**

Административните такси кои се плаќаат за списите и дејствата кај органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје се нивни приход.

Административните такси од ставот 1 на овој член се плаќаат со пренос на средства од една на друга трансакциска сметка во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во Градот Скопје и за Градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата, како и преку мобилни оператори или преку интернет.

За начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори или преку интернет секоја општина, општините во Градот Скопје и Градот Скопје ќе склучат договор со мобилните оператори и со деловните банки.

**Член 23**

Во поглед на присилната наплата на таксите соодветно се применуваат одредбите од Законот за даночна постапка.

**Член 24**

Правото на наплата на таксите застарува за две години по истекот на годината во која таксата требало да се плати, а правото на враќање на таксата за две години од денот кога таксата е платена (член 22 став 1).

**Член 25**

Контролата над применувањето на одредбите на овој закон ја врши Министерството за финансии.

Внатрешната контрола над применувањето на прописите за административните такси ја врши секој орган при своето работење.

**Член 26**

Кај органите на државната управа таксите се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка со пренос на средства од една на друга трансакциска сметка, или преку мобилни оператори или преку интернет.

Кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство таксите се плаќаат во готови пари или на банкарските сметки отворени за наплата на конзуларните такси.

За начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори и преку интернет Министерството за финансии ќе склучи договор со мобилните оператори и со деловните банки.

Министерот за финансии може да овласти органи на државната управа да склучат договор со деловните банки за наплата на административна такса

**Член 26-а**

Начинот на плаќање на административните такси во готови пари на сооодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка, начинот на плаќање со пренос на средства од една на друга трансакциска сметка и начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори или преку интернет ги пропишува Министерот за финансии во согласност со министерот за информатичко општество.

**Член 27**

Таксените обврзници со седиште, престој или престојувалиште во Република Македонија кога се обраќаат до Министерството за надворешни работи за ангажман на македонските дипломатски и конзуларни претставништва во странство, таксата ја плаќаат во денари на одредена уплатна сметка на приходите од конзуларни такси кај сите единици на Институцијата за платен промет.

**Член 28**
**(бришан)**

**Член 29**

Таксените обврзници кои во странство поднесуваат барање до дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија, таксата ја плаќаат во евра утврдена според тарифата на конзуларни такси.

Дипломатските и конзуларните претставништва акредитирани во држави чија национална валута не е евро, туку друга конвертибилна валута таксата ја наплатуваат во домицилна валута во однос на еврото утврдена според средниот курс на Народната Банка на Република Македонија кој важи на првиот работен ден по истекот на секој месец.

Дипломатските и конзуларните претставништва акредитирани во држави чија национална валута не е евро или друга конвертибилна валута можат да ја наплатат таксата и во домицилната валута во однос на еврото утврдена според средниот курс на

Народната банка на Република Македонија кој важи на првиот работен ден по истекот на секој месец.

Дипломатските и конзуларние претставништва најдоцна до петти во тековниот месец на соодветна уплатна сметка во Република Македонија ги уплатуваат наплатените козуларни такси од таксените обврзници за претходниот месец.

**Член 30**

Ако таксата која се плаќа кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство не е платена однапред, во смисла на член 7 од овој закон, наплатата ќе се изврши пред врачувањето на решението или другата исправа, односно пред првото соопштување на таксениот обврзник за извршеното дејство.

**Член 31**

Во постапката кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство се ослободуваат од плаќање такса:

1) дејствата кои се извршени на барање на државните органи на странската држава, ако не е во прашање исклучително или претежно интересот на странката;

2) списите и дејствата кои се однесуваат на заштитата на правата на државјаните на Република Македонија во странство и на застапување на државјаните на Република Македонија по повод мерките кои се во спротивност на меѓународните договори или начелата на меѓународното право или меѓународните обичаи;

3) списите и дејствата од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и другите списи и дејства кои по одредбите на овој закон се ослободени од такса во Република Македонија;

4) дипломатските и службените пасоши и визи;

5) визите за државјаните на странските држави;

6) државјаните на Република Македонија за кои шефот на претставништвото на Република Македонија во странство ќе утврди дека не можат да ја платат таксата без штета по нужното издржување;

7) списите и дејствата чие ослободување од такса е предвидено со меѓународни договори;

8) списите и дејствата чие ослободување од такса посебно е предвидено во таксената тарифа за конзуларните такси;

9) државјани на Република Македонија кои останале без финансиски средства во странство поради кражба или губење на документи и пари и

10) државјани на Република Македонија кои се депортираат по барање на надлежниот орган во земјата на приемот.

11) поднесени молби за издавање на патни исправи, визи на странски државјани, составување на договори во канцеларијата на дипломатското или конзуларното претставништво, составување на полномошно или други исправи на барање на таксениот обврзник, заверување на превод од странски на македонски јазик или на

јазикот на националностите и обратно, доставување на пари, хартии од вредност, штедни книшки и други предмети од вредност, како пари и вредности кои потекнуваат од остварена оставина.

Странските државјани и органи, установи и организации на странски државјани се ослободуваат од плаќање такси по став 1 точки 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член под услов на реципроцитет.

**Член 32**
**(бришан)**

**Член 33**

Решение за враќање на конзуларните такси донесува дипломатското, односно конзуларното претставништво на Република Македонија во странство во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето и го извршува на товар на тековните приходи од тие такси.

Постапката за враќање на такса од ставот 1 од овој член се покренува по барање на странката.

Формата и содржината на барањето од ставот 2 од овој член ја пропишува министерот за финансии.

**Член 34**

Контрола на примената на одредбите од овој закон кај дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија врши Министерството за надворешни работи, а ревизијата ја врши Државниот завод за ревизија.“

**Член 35**

Се овластува министерот за надворешни работи во договор со министерот за финансии да може да определи дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство да ги наплатуваат конзуларните такси од државјаните на одделни земји во ист износ во кој тие држави и нивните претставништва ги наплатуваат истите такси од македонските државјани, а во исклучителни случаи кога е од општ интерес да отстапат од делот на таксената тарифа која се однесува на конзуларните такси.

**Член 36**

Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на службеното лице во правното лице ако во исправите што се издаваат без такса не назначи за која цел се издаваат и врз основа на кој пропис се ослободени од такса (член 19 став 1).

**Член 36-а**

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска проиввредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во органот (член 8 став 2), на градоначалникот (член 22 ставови 3 и 4) како и на овластеното службено лице во дипломатското, односно конзуларното претставништво на Република Македонија во странство (член 33 став 1), доколку во законски пропишаниот рок не донесат решение.

За прекршоците од ставот 1 на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**Член 37**

ТАРИФА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

А. За списите и дејствата кај органите на управата во Република Македонија

| | Денари | Евра (се плаќа во денарска против-вредност) |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |

1. Поднесоци

Тарифен број 1

| | | |
|---|---|---|
| 1) За барања, молби, предлози пријави и други поднесоци, ако со оваа тарифа не е пропишана друга такса | 50 | |

Забелешка:

За поднесоците што се упатуваат или што им се предаваат на дипломатските или на конзуларните претставништва на Република Македонија во странство се плаќа таксата определена во одделот Б од

оваа тарифа

Таксата од овој тарифен број не се наплаќа за барање за издавање на уверение за движење ЕУР-1, за поднесување на царински декларации, за документи пропишани со меѓународните или меѓудржавните договори прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија и се користат наместо царинска декларација, и за запис за внесување /изнесување на стока во/од слободна зона или слободен склад

Тарифен број 2

1) За жалба против решение 250

2) За жалба против решенија донесени од градоначалникот 250

2. Решенија, одобренија и дозволи

Тарифен број 3

1) За сите решенија за кои не е пропишана посебна такса 250

2) За решенија донесени од градоначалникот 250

Забелешка:

Ако се донесува едно решение по барање на повеќе лица, таксата според овој тарифен број се плаќа онолку пати колку што има лица на кои им се доставува решението.

За решенија донесени по жалби не се плаќа такса.

Тарифен број 4

1) За постапка за стекнување на државјанство на Република Македонија со природување 20

2) Ако во постапката за стекнување на државјанство на Република Македонија со природување се донесе решение со кое се стекнува државјанство 80

3) За постапка за престанок на државјанство на

Република Македонија 100

Забелешка:

Ако во постапкате се донесува решение кое се однесува за стекнување или престанок на државјанство на членови на семејство, се плаќа една такса за сите членови на семејството.

Тарифен број 5

1) Решение за утврдување на државјанство на Република Македонија 150

Тарифен број 6

1) Решение за дополнителни запишувања и исправки во матичните книги 150

Тарифен број 7

1) За издавање одобрение за постојан престој на странци во Република Македонија 60

2) За издавање одобрение за привремен престој на странец во Република Македонија до три месеци ... 10 евра, а за секое наредно одобрение од по три месеци по 15

3) За издавање на одобрение за привремен престој на странец во Република Македонија над три месеци 20

Тарифен број 8

За визи кои на странските државјани органот на управата за внатрешни работи ги издава на граничните премини за:

-транзитна виза ( виза Б) и за виза со краткорочен престој (виза Ц) 60

- групна виза 60

Забелешка:

Такса за виза не се наплаќа на:

- деца помали од шест години,

- ученици, студенти, студенти на постдипломски студии и придружни наставници кои престојот го користат за целите на студирање или образовна обука,

- на истражувачи од трети земји кои патуваат со цел за спроведување на научно истражување, како што е дефинирано во Препораката бр. 2005/761/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 28 септември 2005 година за олеснување на издавањето на единствени визи за краток престој од страна на земјите – членки, за истражувачи од трети земји кои патуваат низ Заедницата со цел спроведување на научно истражување и

- претставници на непрофитни организации на возраст до 25 години кои учествуваат на семинари, конференции, спортски, културни или образовни настани организирани од страна на непрофитни организации.

Деца на возраст меѓу 6 и 12 години плаќаат такса за виза во износ од 35 евра.

За издавање на групна виза се наплатува такса за секој издаден стикер.

Тарифен број 9

За издавање патна исправа или издавање дупликат на патна исправа за патување во странство за државјани на Република Македонија, и тоа:

| | |
|---|---|
| а) за издавање на патна исправа на деца до 4 годишна возраст | 50 |
| б) за издавање на патна исправа на лица од 4 до 27 години | 150 |
| в) за издавање на патна исправа на лица постари од 27 години | 250 |
| г) за издавање на дупликат на патна исправа на лица помлади од 27 години | 250 |
| д) за издавање на дупликат на патна исправа на лица постари од 27 години | 250 |
| ѓ) за замена на оштетена важечка патна исправа на лица помлади од 27 години | 250 |
| е) за замена на оштетена важечка патна исправа на лица постари од 27 години | 250 |
| ж) за издавање на заедничка патна исправа (за секое лице) | 50 |

з) за издавање и продолжување на рокот на важењето на пропусницата за преминување на границата во малограничниот сообраќај 50

За издавање патна исправа, лична карта на странски државјани или виза и дозвола за престој на странски државјани:

а) за продолжување на виза за краткорочен престој (виза Ц) 60

б) за продолжување на виза за долгорочен престој (виза Д) 70

в) за издавање на патна исправа за признаен бегалец 10

г) за издавање и продолжување на дозвола на странец со привремен и постојан престој во Република Македонија 15

д) лична карта за признаен бегалец 5

ѓ) лична карта за лица под супсидијарна заштита 5

е) за издавање на пасош за странци 20

Тарифен број 10

1) За дозвола за оружје 300

2) За дозвола за поседување на оружје 1.000

3) За дозвола за носење на оружје 700

4) За регистрирање на оружје 200

5) За дозвола за колекционерско оружје 300

6) За издавање на одобрение за набавување на колекционерско оружје 200

7) За издавање на потврда за оружје од Д категорија 200

8) За издавање на одобрение за набавување на оружје, главни делови и муниција 200

9) За издавање на одобрение за пренесување на спортско оружје 100

10) За издавање на одобрение за производство и поправка на оружје и муниција 1.000

11) За издавање на одобрение за основање на цивилни стрелишта 1.000

12) За издавање на одобрение за набавување и изнесување на оружје и муниција од Република Македонија 600

| | |
|---|---|
| 13) За издавање на одобрение за носење на ловечко оружје на странци за време на лов во Република Македонија | 20 |
| 14) За издавање на потврда за поседување на оружје | 200 |
| 15) За издавање на одобрение за внесување и носење на оружје и муниција на странци кои поминуваат низ Република Македонија издадено од Дипломатско - конзуларно претставништво на Република Македонија во странство или од надлежен орган | 20 |

Забелешка:

Такса според овој тарифен број не плаќаат воените лица, службените лица на органите за внатрешни работи и други лица кои држат и носат оружје според прописите на службата.

Таксата според овој тарифен број не се плаќа на оружје што се наоѓа кај стрелачки организации и служби за обука на граѓани, за потребите на одбраната, како и за натпреварување на стрелишта.

Тарифен број 11

| | |
|---|---|
| 1) За одобрение за полагање на возачки испит, за издавање на нова возачка дозвола за замена на возачка дозвола поради дотраеност, за пријавување на место на живеење на возачот, за издавање или продолжување на важноста на сообраќајната дозвола за моторно или приклучно возило | 60 |
| 2) За издавање на привремена или дупликат возачка или сообраќајна дозвола за моторно или приклучно возило | 100 |

Тарифен број 12

| | |
|---|---|
| 1) За полагање на возачки испит | |
| а) за управување со моторни возила распоредени во категорија “А” и “Е” | 250 |
| б) за управување со моторни возила распоредени во категорија “Б” и за управување со трактор | 350 |
| в) за управување со моторни возила распоредени во групите “Ц” и “Д” | 600 |

г) за управување со велосипеди со мотор 100

2) За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата:

а) за управување со моторни возила распоредени во категорија “А” 100

б) за управување со моторни возила распоредени во категорија “Б” и за управување со трактори 250

в) за управување со моторни возила, распоредени во категорија “Ц” и “Д” 350

3) За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на управување на моторни возила или со трактор:

а) за управување со моторни возила распоредени во категорија “А” 100

б) за управување со моторни возила распоредени во категорија “Б” или управување со трактор 170

в) за управување со моторни возила распоредени во категорија “Ц”, “Д” и “Е” 250

Тарифен број 13

1) За акт врз основа на кој се стекнува право за да се отпочне со вршење на дејност 600

2) За дозвола за работа на правно лице за вршење на дејност обезбедување на имоти и лица 1.000

Тарифен број 14

1) За акт врз основа на кој се стекнува право за да се започне со вршење на дејност кој го издава градоначалникот 600

Тарифен број 15

1) За издавање на потврда за исполнување на техничко експлоатационите услови на возила со кои се врши превоз во патниот сообраќај (за секое возило) 540

2) За издавање на лиценца за вршење на одделни видови на превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај и тоа:

1. за општински линиски превоз на патници 6.000

| | |
|---|---|
| 2. за меѓуопштински линиски превоз на патници | 8.000 |
| 3. за слободен превоз на патници | 6.000 |
| 4. за превоз на патници за сопствени потреби | 4.000 |
| 5. за автотакси превоз на патници | 3.000 |
| 6. за јавен превоз на стоки | 6.000 |
| 7. за превоз на стоки за сопствени потреби | 4.000 |
| 8. за меѓународен линиски превоз на патници | 14.000 |
| 9. за меѓународен слободен превоз на патници | 14.000 |
| 10. за меѓународен превоз на патници за сопствени потреби | 4.000 |
| 11. за меѓународен јавен превоз на стоки | 14.000 |
| 12. за меѓународен превоз на стоки за сопствени потреби | 4.000 |
| 13. сертификат за возач за учество во меѓународниот превоз на патници и стоки | 100 |
| 14.сертификат за професионална компетентност на управителот и овластено лице одговорно за превоз | 200 |
| 3) За издавање на дозвола за меѓуопштински линиски превоз на патници по примерок | 3.000 |
| 4) За дозвола за посебен меѓуопштински линиски превоз на патници | 1.000 |
| 5) За регистрација на линија и возен ред на превозник во меѓуопштински патен сообраќај - за секоја линија по | 600 |
| 6) За издавање на дозвола на домашен превозник да може да врши превоз на патници на редовна линија во меѓународниот патен сообраќај за секој примерок од дозволата | 8.000 |
| 7) За издавање на дозвола на странски превозник да може на редовна линија да врши превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај и тоа: | |
| 1. во билатерален сообраќај - | 350 |
| 2. во транзитен сообраќај - | 350 |
| 8) За заверка на возен ред односно ценовник на редовна линија на која домашен и странски превозник врши превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај и тоа: | |
| 1 . за домашен превозник | 1.600 |
| 2. за странски превозник | 45 |
| 9) За издавање на дополнителен примерок на исправка од овој тарифен број и тоа: | |
| 1. за домашен превозник | 600 |

2. за странски превозник 20

10) За решение за одобрување на привремен прекин или трајно запирање на превозот на патници на редовна линија во меѓуопштински односно во меѓународниот патен сообраќај и тоа:

1. за домашен превозник 300

2. за странски превозник 45

Тарифен број 16

1) За издавање на дозвола на домашен и странски превозник за вршење на слободен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, и тоа:

1. за дозвола за едно патување 50

2. за дозвола за повеќе патувања 100

Тарифен број 17

1) За издавање на дозвола за влегување односно излегување од Република Македонија на празни автобуси заради преземање на патници и за вршење на други видови вонлиниски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај и тоа:

1. за домашен превозник 1.350

2. за странски превозник 70

Тарифен број 18

1) За издавање на годишна дозвола за меѓународен превоз на стока во меѓународниот патен сообраќај за домашен превозник по секоја дозвола 300

2) За издавање на ЦЕМТ дозвола за меѓународен превоз на стока за домашен превозник по секоја дозвола 6.000

3) За издавање на месечна ЦЕМТ дозвола за меѓународен превоз на стока за домашен превозник по секоја дозвола 500

4) За издавање на посебна дозвола за превоз на стока (т.н. зелена дозвола) на странски превозник 100

5) Издавање на сертификат за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни

материи 400

6) Издавање на сертификат за стручна оспособеност на советник за безбедност при превоз на опасни материи 500

Тарифен број 19

1) За издавање на дозвола за вонреден превоз на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај и тоа:

1. за домашен превозник што врши вонреден превоз на стока во внатрешен патен сообраќај 600

2. за странски превозник што врши вонреден превоз на стока во меѓународниот патен сообраќај и тоа:

- во билатерален превоз - за превоз на едно влечно возило 45

- за секое наредно влечно возило, според истото барање по 40

3. За транзитен превоз за едно влечно возило 45

- за секое наредно влечно возило по истото барање уште по 45

Тарифен број 20

1) За издавање на дозвола со која на странски превозник му се одобрува вршење на внатрешен превоз на стока во патниот сообраќај меѓу одделни места во Република Македонија 140

Тарифен број 21

1) За издавање на дозвола за јавен превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај 30.000

2) За издавање на дозвола за управување со железничка инфраструктура 60.000

3) За издавање на одобрение за сигурност за управување со железничка инфраструктура 60.000

4) За издавање на сертификат за сигурност на превозник во железничкиот сообраќај 30.000

Тарифен број 22

1) За издавање на согласности за поставување натписи, водоводни и други инсталации, заштитни

огради и други согласности за стекнување на службености во патниот и заштитниот појас на јавните патишта 270

2) За издавање на сообраќајна согласност при издавање на решение за услови за градба 2.700

3) За издавање на сообраќајна согласност за измена на режимот на сообраќајот 1.350

4) За издавање на согласност за поставување на објекти во заштитниот појас на јавните патишта 3.000

5) За издавање на согласност за изградба на паркинг простори покрај јавните патишта 540

6) За издавање на одобрение за изградба на пристапен пат до јавен пат 3.000

Тарифен број 23

1) За решение со кое се определува името, ознаката и повикувачкиот знак на брод:

1. на домашно правно или физичко лице 600

2. на странско правно или физичко лице 150

Тарифен број 24

1) За решение за кое се одобрува право на запишување на пловни објекти за внатрешна пловидба во регистарот, односно очевидецот

1. за пловни објекти 300

2. за чамци 170

Тарифен број 25

1) За одобрение за полагање испит за стекнување звање и овластување на бродовите во внатрешната пловидба, за издавање уверенија за положен испит, за замена на уверението за положен испит поради дотраеност, за издавање и продолжување на важноста на бродските исправи-книги 150

2) За одобрение за полагање испит за управувач на чамец, за издавање уверение за положен испит, за замена на уверението поради дотраеност, за давање

или продолжување на важноста на пловидбената дозвола 100

Тарифен број 26

1) За издавање уверение за стекнување звање на:

1. морнар моторист, крмар на влекач (тегленица), бродски крмар, ракувач со пливачки објект од прва класа 100

2. бродоводач на внатрешна пловидба, поручник на внатрешна пловидба, машиноводач на внатрешна пловидба, машинист на внатрешна пловидба 150

3. капетан на внатрешна пловидба, машинист на внатрешна пловидба од прва класа 200

Тарифен број 27

1) За одобрение на претпријатие, односно на друго правно и физичко лице да може да врши набавка на оружје, муниција или експлозивни материи од странство 600

2) За одобрение на претпријатие, односно, друго правно лице или на странски државјанин односно на странско право лице да може да врши транспорт на оружје, муниција или експлозивни материјали преку границата односно преку територијата на Република Македонија 600

3) За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице да може да пушта во промет експлозивни материјали на територијата на Република Македонија 600

4) За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице да може да врши промет на големо и мало со оружје, муниција и експлозивни материјали на територијата на Република Македонија 1.500

5) За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице да може да внесува странски печатени работи во Република Македонија заради растурање на странски печатени работи што по својата содржина им се наменети на граѓаните на Република Македонија

300

6) За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице за промет и превоз на нуклеарни суровини и материјали за да може преку границата на Република Македонија да го превземе наведениот материјал. 1.000

Тарифен број 28

1) За решение со кое се запишува во регистарот:

1. настанување на директни инвестиции на резиденти во странство-основање на трговско друштво во целосна сопственост, зголемување на главнината на друштвото во целосна сопственост, стекнување на трговско друштво во целосна сопственост, основање подружница, учество во постојано друштво или здобивање со повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото односно со повеќе од 10% од правото на одлучување, долгорочен заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност меѓу економски поврзани субјекти 3.000

2. намалување, продажба и бришење на директната инвестиција во странство 1.300

3. промени на директната инвестиција во странство 1.100

4. ослободување од преземена обврска за годишен трансфер на определен процент на добивката од претпријатието, банка, друштво за осигурување, односно реосигурување во странство или намалување на таа обврска 1.300

2) За решение со кое се одобрува купување на девизи на девизен пазар за основачкиот влог на претпријатие, банка, друштво за осигурување односно реосигурување во странство 1.700

3) За упис на статусни промени во Регистарот на резиденти во странство 300

4) За издавање на изводи од Регистарот на резиденти во странство за податоците од точките 1 и 2 од овој тарифен број 1.500

Тарифен број 29

| | |
|---|---|
| 1) За уверение со кое се запишува во Регистарот на воздухоплови на Република Македонија: | |
| 1. регистрација на воздухоплов | 1.000 |
| 2. привремена регистрација на воздухоплов | 1.000 |
| 3. бришење на воздухопловот од регистарот | 1.000 |

Тарифен број 30

| | |
|---|---|
| 1) За решение со кое се запишува во Регистерот: | |
| 1. договор за вложување средства во странски претпријатија | 2.200 |
| 2. договор за вложување на средства заради истражување, експолоатација, обновување и одржување на минерални блага во странство | 1.700 |
| 3. дополнително вложување од точките од 1 и 2 на овој тарифен број | 600 |

Тарифен број 31

| | | |
|---|---|---|
| 1) За упис во Регистерот - отварање на претставништва односно основање на деловни единици (складишта, продавници, сервиси и сл.) деловници и други форми за вршење на стопански дејности во странство | 600 | |
| 2) За упис во Регистерот - на статусна и друга промена во претставништва, деловна единица, деловница и друга форма на извршување на стопански дејности во странство | 300 | |
| 3) За решение со кое на странско лице му се одобрува отварање на претставништво, односно на огранок на претставништво во Република Македонија, и се врши упис во регистерот на претставништвата на странски лица во Македонија | | 50 |
| 4) За одобрение на странско претпријатие, кое има регистрирано претставништво во Република Македонија да изврши определена работа на договорена контрола на квалитетот и квантитетот на стоките во Република Македонија | | 25 |
| 5) За упис на статусни промени на претставништва, односно на ограноци на претставништва во Регистерот на претставништвата на странски лица во Македонија | | 20 |

Тарифен број 32

1) За решенија со кои се врши евидентирање односно упис во соодветниот регистер:

1. за евидентирање на договор за застапување, на договор за консигнација и на договор за давање на сервисни услуги за одржување на увезената опрема и на трајните блага за лична потрошувачка 1.700

2. за договори за изведување на инвестициони работи во странство и договори за отстапување на изградба на инвестициони објекти на странски изведувач во Македонија 1.700

3. за договори за долгорочна производствена кооперација 1.700

4. за договори за прибавување и отстапување на право на индустриска сопственост и на знаења и искуства (Know-/how) 2.200

5. за евидентирање на анекс на договор од овој тарифен број 300

Тарифен број 33

1) За решение со кое се запишува во регистарот:

1. настанување на директни инвестиции на нерезиденти во Република Македонија-основање на трговско друштво со целосна сопственост, зголемување на главнината на друштвото во целосна сопственост, стекнување на трговско друштво во целосна сопственост, основање подружница, учество во постојано друштво или здобивање со повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото односно со повеќе од 10% од правото на одлучување, долгорочен заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност меѓу економски поврзани субјекти 3.000

2. намалување, продажба и бришење на директната инвестиција на нерезиденти во Република Македонија. 1.300

3. промени на директната инвестиција на нерезиденти во Република Македонија 1.100

2) За издавање на изводи од Регистарот на нерезиденти во странство за податоците од точките 1 и 2 од овој тарифен број 1.500

Тарифен број 34

| | |
|---|---|
| 1) За дејствија и акти што се преземаат пред Комисијата за заштита на конкуренцијата: | |
| 1. барање за поединечно изземање и продолжување на рок за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика | 5.000 |
| 2. решение за одобрување на барање за поединечно изземање и продолжување на рок за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика | 5.000 |
| 3. барање за укинување, поништување и измена на решение за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика | 1.000 |
| 4. решение за укинување, поништување и измена на решение за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика | 1.000 |
| 5. известување за концентрација | 6.000 |
| 6. решение со кое по барање на странка се утврдува дека концентрацијата не потпаѓа под одредбите на законот | 5.000 |
| 7. решение со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со одредбите на законот | 30.000 |
| 8. барање за изземање од суспензија на концентрација | 5.000 |
| 9. решение со кое се одобрува барањето за изземање од суспензија на концентрација | 5.000 |
| 10. решение со кое се утврдува дека концентрацијата не е во согласност со одредбите на законот | 5.000 |
| 11. барање за увид во списи на предмет пред Комисијата | 300 |
| 12. барање да се изврши препис или фотокопија на списи од предмет пред Комисијата | 300 |

Тарифен број 35

| | |
|---|---|
| 1) За решение по барање за утврдување на исполнетоста на условите: | |
| 1. за преглед на мерила во просториите на подносителот на барањето | 750 |

| | |
|---|---|
| 2. за давање овластувања на подносителот на барањето за преглед на работни еталони, мерила, како и на мостри на референтни материјали опфатени со соодветната наредба | 1.500 |
| 3. за испитување на предмет од скапоцени метали во просториите на подносителот на барањето | 750 |

Тарифен број 36

| | |
|---|---|
| 1) За решение по барање за утврдување на условите за издавање на решение или за запишување во регистарот на: | |
| 1. производители на семенски и саден материјал | 1.500 |
| 2. доработувачи на семенски материјал | 1.500 |
| 3. откупувачи на тутун | 1.500 |
| 4. производители на вино | 1.500 |
| 5. вршење на ДДД мерки | 1.500 |
| 6. вршење на биолошки предиспитувања, биолошки и физичко-хемиски испитувања | 1.500 |
| 7. испитување на семенски и саден материјал пред пуштање во промет | 1.500 |
| 8. вршење на задолжителни здравствени и стручни прегледи на семенски посеви и објекти за производство на саден материјал | 1.500 |
| 9. пуштање во промет на вештачки ѓубрива на територијата на Република Македонија | 1.500 |
| 10. за решение по барање за признавање на новостворени, односно одобрување за воведување во производство странски сорти земјоделски и шумски растенија, со кое се врши упис во Списокот на странски или домашни сорти и хибриди земјоделски растенија за кои е одобрено воведување во производство во Република Македонија | 1.500 |

Тарифен број 37

| | |
|---|---|
| 1) За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице за пуштање во промет на средства за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија | 1.000 |
| 2) За одобрение за увоз и извоз на определени земјоделски, прехранбени, шумски производи и | |

| | |
|---|---|
| семенски материјал | 600 |
| 3) За одобрение за увоз на лекови кои се употребуваат во ветеринарната медицина | 600 |
| 4) За одобрение за садење лозја со сорти на винско грозје и за прекалемување врз сорти што не се винско грозје | 600 |

Тарифен број 38

| | |
|---|---|
| 1) За решение за дозволи и согласности | 600 |
| 2) За издавање на копии од решенија и согласности | 600 |
| 3) За заверка на сертификат за краен корисник | 1.100 |
| 4) За решение за распределен дел на стоки на утврдена царинска квота | 600 |

